



# Нов поглавар на Кипарската Православна Црква

На проширеното заседание на Светиот Синод на Кипарската Православна Црква, што се одржа во месец мај 2006 година во Швајцарија беше донесено решение за избор на нов поглавар на оваа помесна Црква и оставка на нејзиниот поранешен првоархиерej, архиепископот Хризостом. Поглавар на оваа помесна Црква од 1977 година па сè до неодамнешното пензионирање, архиепископот Хризостом успешно раководеше со Црквата која во овој период го сочува огромното влијание во општествениот и политички живот на Кипар и остана најголем земјопоседник на островот. Причина за неговото пензионирање и распишување избори за нов поглавар е тоа што веќе четири години не може да ги извршува своите должности заради тешката здравствена состојба.

Изборите за нов поглавар на Црквата се одвиваа во неколку етапи и беа пропратени со сериозни проблеми. На 5-ти ноември беше одржана третата и завршна етапа на гласање. Првите два круга од оваа етапа, кога гласаа одделно група клирици и група избирачи од мирјаните, не го дадоа победникот. Како и во претходните етапи, на челното место наизменично се менуваа Митрополитот на Пафос Хризостом, настојателот на Киксиот манастир епископот Никифор и Лимасолскиот Митрополит Атанасиј. На крајот епископот Никифор ја откажа својата кандидатура во полза на г. Хризостом, така што Митрополит на Пафос беше избран со обично мнозинство гласови при општо гласање на мирјани и клирици. Победникот доби 75 гласа, а Митрополитот Атанасиј 57.

Новиот Архиепископ на Кипар, г. Хризостом, е еден од најстарите по хиротонија и највлијателни архиереи на Кипарската Црква. Роден е на 10 април 1941 година во селото Тала, во близина на кипарскиот град Пафос. По завршувањето на средното училиште станува послушник во манастирот на свети Неофит. Во 1963 година ја завршува гимназијата во Пафос и на 3 ноември истата година е ракоположен за ѓакон. Од 1968 година до 1972 година студира на богословскиот факултет на Атинскиот Универзитет. На 19.11.1972 година е избран за игумен на манастирот на свети Неофит. На 12.11.1972 година е ракоположен за свештеномонах и е воздигнат во чин на игумен од страна на архиепископот Макариј III. На 25.02.1978 година е избран за Митрополит на Пафос, а следниот ден е хиротонисан. На оваа катедра остана сè до изборот за поглавар на Кипарската Црква.

Извор: www.patriarhia.ru



# Во Романија чествувана 600-годишнината од раѓањето

## на свети Никодим Прилепски-Тисмански

Од 22-24 септември 2006 година, во манастирот Тисмана беше чествуван споменот на свети Никодим Прилепски-Тисмански и беа одбележани 600 години од неговото раѓање. Во настанот учествуваа романскиот патријарх Теоктист, архиереи од Светиот Синод на Романската Православна Црква и Архиепископот на Тирана, Дуресул и цела Албанија, Анастасиј. Поклониците кои пристигнаа од сите краеви на земјата трпеливо чекаа на ред да се помолат пред моштите на Светителот. Ктиторот на манастирите Водица, Тисмана, Висина, Прислоп, светиот Никодим, за верните останува единствен пример на духовен живот, заштитник на православната вера и основач на монаштвото во Романија.

Светителот е роден околу 1320 година во градот Прилеп. Во манастирот Хиландар се здобива со солидно образование и одлично познавање на грчкиот јазик. Бил ученик на свети Теодосиј Трновски и одржувал кореспонденција со светиот патријарх Ефтимиј. Во сочуваните писма можат да се прочитаат советите на патријархот Ефтимиј кон свети Никодим, за тоа како да ги устрои манастирите на исихастички начин, да ги реши прашањата поврзани со борбата против богомилите и друго. Непознато е до кога останал на Атон, но примајќи го исихастичкото предание тој се труди да основа слични заедници на Балканот. Основа манастир во Видинското царство, но по неговата окупација од страна на Унгарците, Светителот е прогонет во Влашка. Како исихаст и приврзаник на монашкиот живот, свети Никодим основа редица монашки обители во земјата. Еден од најголемите манастири е Тисмана. Во Романија тој се смета за родоначелник на нивната оригинална литература. Никодим Прилепски-Тисмански е канонизиран во текот на 20-30-те години на 20 век. Споменот му се чествува на 26 декември.

извор: www.crestinortodox.ro





# Епископот Иринеј востоличен за Архиепископ Критски

На 24 септември 2006 г. беше извршено востоличувањето на новиот Архиепископ Критски г. Иринеј, наследник на неодамна починатиот Архиепископ Тимотеј. Господинот Иринеј ја предводеше литијата низ улиците на Ираклион кон соборната црква на Св. Мина, каде што беше извршена церемонијата на востоличувањето.

Новиот критски поглавар и поранешен Митрополит Кидонски и Апокоронски беше срдечно поздравен од страна на политичките и воените власти, на критските архиереи и илјадниците верници. „Јас дојдов да служам. Не барам од вас ништо. Сакам да им бидам брат, пријател и родител на сите,“ рече Архиепископот додека свештенството и мирјаните извикуваа „Достоен!“.

Критскиот Архиерејски Синод на 30 август оваа година едногласно го избра 73-годишниот Иринеј за Архиепископ на оваа помесна Православна Црква, која се наоѓа под јурисдикција на Цариградската Патријаршија.

Новиот поглавар на Критската Православна Црква е роден во 1933 година. Се школуваше на црковната виша школа на островот Крит, семинаријата во Халки (Цариград) и Ворминстерскиот колеџ на Свети Бонифациј во Англија. Службата најпрвин ја започна во Бристол, во парохија на Цариградската Патријаршија, а потоа служеше на островот Крит, каде што управуваше со црковната виша школа. Хиротонисан е за епископ во 1975 година.

извор: www.ert.gr

# Документарец на BBC за манастирот Трескавец



При крајот на август екипа на BBC World TV Service престојуваше во манастирот Трескавец во близина на Прилеп, каде што сними документарец за манастирот и за црквата на Успението на Пресвета Богородица.
Продуцент на филмот е Michael Palin, а филмот е дел од проектот Palin's New Europe. Според старешината на манастирот, Владиката Климент, Трескавец влезе во фокусот на интересот на BBC од неколку причини: најверојатно затоа што манастирот е лоциран во неверојатно живописен крајолик на 1400 метри надморска височина, како и затоа што е еден од 100-те најзагрозени културни споменици во светот.

извор: МИА